## За студиската програма

Студиската програма за прв циклус студии на Предучилишно воспитание се реализира во согласност со Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС), трае 4 години, односно 8 семестри и носи вкупно 240 кредити, по 30 кредити во секој семестар. Наставата на оваа студиска програма се изведува на македонски, албански и турски наставен јазик. Во согласност со чл.144 ст. 6 од ЗВО студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во РСМ, се должни да го изучуваат македонскиот јазик како наставен предмет. Во согласност со горенаведениот член, наставата по предметните програми Историја и Хигиена за студентите од наставните групи на албански и турски јазик се изведува на македонски јазик.

Студиската програма е изработена во согласност со Стратегијата на образованието, Стандардите за рано учење и развој, Програмата за рано учење и развој и други програмски документи. Почитувани се и современите тенденции во развојот на предучилишното воспитание и образование, што директно влијаеше на структурата на студиската програма, како и на издвојувањето на научни дисциплини и програмски подрачја во соодветни предметните програми. Вака структуираната програма ќе овозможи воспитувачите да се оспособат:

- да прават избор на воспитно-образовни стратегии и методски постапки соодветни на индивидуалните потреби на децата,
- да планираат, организираат и реализираат воспитно-образовни активности во предучилишните институции,
- да интегрираат содржини од различни воспитно-образовни подрачја,
- да применуваат истражувачки методи, техники и инструменти карактеристични за акционите истражувања,
- да ја прифатат својата професионална улога во современото општество, знаејќи кои компетенциите треба да ги поседуваат, но и да ја разбираат потребата од континуиран професионален развој.

За успешна реализација на студиска програма Предучилишно воспитание, предвидени се низа методи и активности за доближување на наставниот процес до студентите, а и во насока на максимално поврзување на теоријата со практиката, како што се: интерактивна настава, менторска настава, учење по пат на решавање проблемски ситуации, практични вежби, индивидуална работа, групна работа, симулации и др. Значајно обележје на оваа програма е практичното оспособување на студентите со цел нивно успешно вклучување во воспитно-образовниот процес во предучилишните установи, но и пошироката општествена заедница.

Затоа со оваа студиска програма се предвидуваат два начини на практична настава, и тоа педагошка практика застапена во секој семестар од прва до трета година и педагошки стаж во четврта година. Овие облици на практична настава немаат статус на предмет, но во секој семестар носат соодветен број на кредити кои се сметаат за задолжителни, бидејќи се во непосредна врска со постигнување на компетенциите на студентите предвидени со предметните програми од соодветниот семестар.

Современите општествени збиднувања имаат свои импликации во структурирањето на програмите, во идентификувањето на компетенциите кои треба да ги поседува воспитувачот. Согласно глобалните трендови во едукацијата на воспитувачите и согласно современите трендови во креирање на образовните политики во светот, и кај нас, направено е редизајнирање на студиската програма по Предучилишно воспитување, во наоска на создавање на професионалци кои ќе можат да дадат свој придонес во подигање на квалитетот на предучилишното воспитание и образование. Со редизајнирањето на студиската програма, ќе се обезбеди профил на воспитувачи, кои ќе бидат способни за успешно дејствување во конкретната воспитно-образовна практика, но и за нејзино унапредување, иновирање и усогласување на конкретните услови.

Развојот на научните сознанија од оваа област се одраз на настојувања да се обезбеди оптимален развој, бидејќи квалитетот на искуствата во раниот детски развоја го детерминираат натамошниот развој на личноста. Во тој контекст несомнена е улогата на воспитувачот во креирање на оптимална

средина за учење и развој на сите деца во согалсност со индивидуалните потреби. Затоа и студиската програма Предучилишно воспитание нуди предметни програми од различни области, со кои ќе се овозможи попстигнување на професионалните компетенции на воспитувачот.

Профилот ВОСПИТУВАЧ може својата дејност да ја извршува во низа воспитно-образовни институции и установи: предучилишни институции,државни институции и центри кои се занимаваат со воспитно-образовна проблематика, сектори за човечки ресурси во компании и фирми, итн.

## Општи дескриптори на квалификации

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | - Покажува знаења и разбирање за педагошката, социјалната и за културната димензија на воспитно-образовната/културно-образовната установа.<br>- Познава, разбира и разликува воспитно-образовни и функционални цели во реализирањето на дејноста на воспитно-образовната/културно-образовната установа.<br>- Ги познава основните карактеристики и структурата на образовниот систем на РС Македонија како и на системската и институционалната поставеност на библиотеките.<br>- Познава, разбира и разликува основни законитости на воспитно-образовните влијанија.<br>- Познава и разбира нови факти, знаења и законитости поврзани со дејноста на воспитно-образовната/ културно-образовната установа. |
| Примена на знаењето и разбирањето | - Оспособен е за академско читање и пишување, умее да ги применува нормите на правописот и правоговорот, умее да ја применува функционалната јазична писменост, ги препознава различните јазични стилови и е носител на јазичната норма на сите јазични рамништа.<br>- Применува јазична, математичка, медиумска, информациска и дигитална писменост.<br>- Применува современи воспитно-образовни техники и стратегии за работа во предучилиошн и установи, основни училишта и библиотеки.<br>- Применува истражувачки методи, техники и инструменти во воспитно-образовната и културно образовната дејност.<br>- Следи, поврзува и селективно применува нови научни факти и искуства поврзани со воспитно-образовната и културно-образовната дејност. |
| Способност за проценка | - Умее да процени, да избере и да користи содржини и активности за поттикнување на етичките доживувања и вреднувања.<br>- Познава, прифаќа и селектира стратегии за поддршка на мултикултурните вредности, мултикултурната и религиската толеранција, јазичниот и конфесионалниот плурализам.<br>- Умее да избира и да користи содржини и активности за поттикнување на креативноста, на позитивни чувства кон уметничкото творештво и кон естетското вреднување.<br>- Ги проценува моделите на воспитно-образовната работа и културно-образовната работа. |
| Комуникациски вештини | - Умее да комуницира на стандардната јазична норма на службениот (македонски) јазик и на својот мајчин јазик.<br>- Ја познава и ја користи терминологијата што е карактеристична за професијата.<br>- Користи комуникациски техники и стратегии за одржување на позитивни интеракциски односи во насока на мотивирање за(само) развој и за позитивни промени во воспитно-образовната и културно-образовната област.<br>- Воспоставува и одржува ефикасна микропедагошка клима во институцијата.<br>- Користи информатичко-компјутерска технологија во размена на информации од стручен карактер. |

| | |
|---|---|
| Вештини за учење | - Ја познава, ја разбира и ја прифаќа својата професионална улога во современото општество, ги знае компетенциите што треба да ги поседува и ја разбира потребата од континуиран професионален развој.<br>- Умее да наоѓа, да обработува, да користи и да разменува стручни и научни информации од својата област.<br>- Ја разбира и ја прифаќа потребата од доживотно учење и применува стратегии за личен и професионален развој.<br>- Умее да селектира и да користи информации во интерес на осовременувањето на воспитно-образовниот процес и културно-образовната дејност. |

## Специфични дескриптори

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | - Ја познава и ја разбира улогата на институционалниот предучилишен воспитно-образовен систем и неговата организациска и програмска поставеност.<br>- Знае и разликува современи предучилишни воспитно-образовни системи и концепти и ги разбира нивните научни основи.<br>- Ги познава и ги разликува воспитните, образовните и функционалните цели и ја разбира потребата од нивно интегрирање во воспитно-образовното дејствување.<br>- Ги познава и ги разбира разбира законитостите на воспитанието и на образованието во периодот на раниот детски развој и стандардите за рано учење и развој на децата од раната детска и предучилишна возраст.<br>- Ги познава и ги разбира содржините на воспитно-образовните подрачја и поседува умешност за нивно континуирано осовременување и проучување. |
| Примена на знаењето и разбирањето | - Умее да применува воспитно-образовни стратегии сообразени со развојните и со индивидуалните можности, потреби и способности на децата/учениците.<br>- Ги разликува, ги разбира и соодветно ги користи дидактичко-методичките концепти на воспитно-образовната работа (методи, форми, принципи, дидактички средства и современа образовна технологија).<br>- Знае и умее да планира, да организира и да реализира воспитно-образовни активности во предучилишните институции, и умее да ги интегрира содржините од едно и од различни воспитно-образовни подрачја.<br>- Ги промовира и ги применува предностите, формите и принципите на партнерскиот и едукативен однос на воспитно-образовната институција кон семејството и применува соодветни кооперативни техники. |
| Способност за проценка | - Избира ефикасни воспитно-образовни стратегии и методски постапки соодветни на индивидуалните потреби на децата/учениците.<br>- Проценува содржини и активности за развој на еколошката свест и еколошката култура.<br>- Врши евалуација на дидактичките материјали и извори за учење и развој за предучилишна и раноучилишна возраст.<br>- Ја проценува социо-емиционалната клима во конкретна средина за учење и развој, како и воспитната клима на семејствата од кои потекнуваат децата/учениците<br>- Врши проценка на напредувањето во развојот на децата/учениците во однос на поставените стандарди. |
| Комуникациски вештини | - Познава и применува стратегии на педагошка комуникација и умее да селектира современи модели на раководење со воспитно-образовна група/одделение.<br>- Покажува умешност за примена на принципите, формите и методите на интерактивно комуницирање во воспитно-образовниот процес, поттикнува кон интеракција и користи комуникациски вештини за регулирање на социјалното и интерактивно однесување меѓу децата/учениците во групата.<br>- Применува современи модели, вештини и техники за менаџирање на воспитно-образовната група.<br>- Знае и умее да развива механизми на групен живот и работа, кооперативно учење и соработка меѓу децата во групата. |

| | |
|---|---|
| Вештини за учење | - Ја прифаќа улогата на воспитувачот во современиот предучилишен систем, ги знае компетенциите кои треба да ги поседува и ја разбира потребата од континуиран професионален развој.<br>- Управува со сопственото учење и применува механизми за професионален развој.<br>- Ги следи современите научни текови во функција на перманентно образование.<br>- Ги користи вештините за информациската писменост во интерес на осовременување на воспитно-образовниот процес. |